O P [ T I N A   G E V G E L I J A

# SLU@BEN  GLASNIK
# NA OP[TINA GEVGELIJA
# REGISTAR 2004

| | |
|---|---|
| 2004 година | Гевгелија |

Врз основа на член 9 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.63/95 и 29/98 год.) и член 25 став 1 точка 46 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## За условите, начинот и постапката за издавање лиценца за вршење на градски и приградски превоз на патници во општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање на лиценца за вршење на градски и приградски превоз на патници во општина Гевгелија (во натамошниот текст: Лиценца).

### Член 2

За вршење на градски и приградски превоз на патници превозникот (правното лице) добива лиценца.

### Член 3

За добивање на лиценца превозникот треба да ги исполнува следните услови:

-Да има во сопственост, под закуп или лизинг одреден број на регистрирани автобуси или комби возила (комби возила со најмногу 9 седишта вклучувајќи го и седиштето на возачот) кои ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата и посебните техничко експлоатациони услови за вршење градски и приградски превоз предвидени со Правилникот за посебните техничко-експлоатациони услови за возилата за вршење на одделни видови на превоз во патниот сообраќај и со кој ќе може да одржува најмалку 30% од утврдената мрежа на линии вклучувајќи и автобуси во резерва;

-Да ги има измирено јавните давачки во врска со дејноста;

-Да поседува соодветен простор и капацитет за паркирање и одржување на автобусите или комби возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важност најмалку 1 година;

-Да расолага со соодветен стручен кадар кој ќе обезбедува постојано и квалитетно вршење на превоз;

### Член 4

Лиценца се издава на барање на превозникот.

Барањето за издавање лиценца содржи:

-податоци за фирмата и седиште на превозникот;

-вид на превозот за кој се бара лиценцата;

-доказ за регистрирана дејност од надлежниот суд;

-доказ за сопственост на возилата или договор за лизинг заверен кај нотар;

-потврда од Управата за јавни приходи за намирени јавни давачки во врска со дејноста;

-доказ дека има обезбедено соответен простор и капацитет за паркирање и одржување на возилата или доказ за користење на таков капацитет во траење од најмалку 1 година;

-доказ од овластена станица за технички преглед на возила за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови;

-образец со податоци за возилата и образец за податоци на возачите;

### Член 5

Барањето за издавање на лиценца се доставува до надлежното одделение на општинската администрација кое ја води постапката за издавање на лиценца.

Одделението ќе издаде лиценца во рок од 15 дека од денот на приемот на барањето доколку се исполнети условите од Законот, пот законските акти од оваа област и оваа одлука.

Лиценцата ја потпишува градоначалникот на општината.

**Член 6**

Пред издавањето на лиценцата се врши преглед на возилата во поглед на исполнувањето на условите за превоз на патници и преглед на просторот и капацитетот за паркирање и одржување на возилата, и за тоа се прави записник.

Преглед на возилата на правното лице се врши истовремено за сите возила кои ќе вршат превоз на патници.

**Член 7**

Доколку не се исполнети условите пропишани со оваа Одлука, надлежното одделение ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето.

Против решениеето од претходниот став може да се поднесе жалба во рок од 15 дена.

**Член 8**

Лиценцата се издава во форма и содржина утврдена со Правилникот за обликот и содржината на лиценцата за вршење на превоз во патниот сообраќај, како и за начинот на водење на евиденција за издадените лиценци.

Образецот со фотографија од возачот е со мала димензија и се издава на секој возач на превозникот.

Превозникот е должен лиценцата во оригинал или заверен препис да ја носи во возилото.

**Член 9**

Оделението што ја издал лиценцата може да ја одземе ако утврди постоење на услови утврдени во членот 13 од Законот за превоз во патниот сообраќај .

Исчезнатата, дотраената и оштетената лиценца може да биде заменета со нова со поднесување на барање од страна на превозникот, согласно член 9 од Правилникот од член 8 на оваа Одлука.

**Член 10**

Трошоците на постапката за издавање на лиценца се на товар на барателот.

Износот на трошоците за издавање на лиценца се утврдува со ценовник што го донесува градоначалникот на општината.

**Член 11**

Надзор над примената на оваа Одлука врши надлежното Одделение на општинската администрација, а инспекциски надзор надлежниот инспектор.

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-10/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98 и 49/03 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
### За преземање на основачки права и утврдување како општински установи од областа на културата

**Член 1**

Со ова Одлука се утврдува на кои организации со општествен капитал што се регистрирани за вршење дејност од посебен општествен интерес во областа на културата во периодот пред донесувањето на амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1990 година и основани

според законските прописи од општествено-политички заедници, СИЗ за култура или општествено-политичка организација, општина Гевгелија им ги презема основачките права и ги утврдува како општински установи.

**Член 2**

Основачките права се превземаат и за општински установи се утврдуваат:

-Матичната библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија, продолжува со работа како општинска установа со дејност само на подрачјето на општина Гевгелија.

-Работничкиот универзитет "Кирил и Методиј"- Гевгелија, продолжува со работа како општинска установа со дејност само на подрачјето на општина Гевгелија.

-Дом на културата "Македонија"- Гевгелија, продолжува со работа како општинска установа со дејност само на подрачјето на општина Гевгелија.

Установите од претходниот став ќе се финансираат од Буџетот на Република Македонија и ќе работат како национални установи до донесувањето на Законот за финансирање на општините и потпишувањето на договорот од член 96 од Законот за култура.

**Член 3**

Со посебен акт, согласно одредбите на членот 96 од Законот за културата, ќе се регулираат прашањата кои ќе произлезат со преземањето на основачките права.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањто во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-11/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа**

1.Од членови на Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

-Јован Крстев, новинар од Гевгелија

-Мино Минев, дипломиран економист од Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-14/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа**

1.Во училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа се именуваат два члена и тоа:

-Митко Алчинов, професор по одбрана од Гевгелија

-Билјана Илин, економист од Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-18/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа

1.Од членови на Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

-Блажо Ризов, дипломиран машински инженер од Гевгелија

-Зоран Лазаревски, факултет за фискултура од Гевгелија

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-15/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## За именување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа

1. Во училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа се именуваат два члена и тоа:

-Ружица Ѓоргевиќ, машински техничар од Гевгелија

-Кита Боева, одделенски наставник од Моин

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-19/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како преставници на локалната самоуправа

1.Од членови на Училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како претставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

-Илија Ников, земјоделски инженер од Негорци

- Никола Василев од Негорци

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-17/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како преставници на локалната самоуправа се именуваат два члена и тоа:

-Драгица Јованова, средно образование од Негорци

-Ангел Узунов, Виша Педагошка од Негорци

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-21/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа**

1.Од членови на Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

-Апостол Митров, Виша педагошка од Гевгелија

-Сандра Купанова, наставник од Прдејци

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-16/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 и 40/03 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа**

1.Во училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа се именуваат два члена и тоа:

-Атанас Атанасов, професор по музика од Гевгелија

-Оливера Станковска, екстраден музичар од Гевгелија

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-20/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 25 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Програмата за хортикултурно уредување на Гевгелија**

1.Се дава согласност на Програмата за хортикултурно уредување на Гевгелија бр.0104-73/2 од 10.02.2004 година усвоена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

2.Програмата за хортикултурно уредување на Гевгелија да се реализира етапно според можностите на Буџетот на општината, за реализација да се бараат средства и од други извори (спонзорства, донации и слично). Хортикултурното уредување да започне од центарот на градот, садниците за дрва и цвеќе и семето за трева да се набавува по пат на тендер, а за ископот за посадување на дрвца и цвеќе да се ангажираат корисниците на социјална помош.

3.Реализацијата на Програмата да ја следи работна група што ќе ја формира градоначалникот на општината.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-12/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 17.02.2004 година по расправата по Информацијата за откупот на зимската зелка го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информацијата за откупот на зимската зелка, изработена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Подрачна единица Гевгелија.

2.Од податоците во Информацијата се констатира дека откупените количини на зимска зелка во општината во споредба со присутните количини на теренот се незначителни.

За проблемот со откупот со зимската зелка да се информираат надлежните државни органи - Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија, со доставување и на информацијата заради превземање на мерки за негово решавање.

Да се побара од министрите на надлежните министерства да ја посетат општина Гевгелија заради согледување на состојбата на теренот и можните мерки што можат да се превземат во сегашни услови.

3.Проблемот со откупот и пласманот е присутен скоро секоја година и кај другите земјоделски култури, затоа е неминовно превземање на мерки за негово решавање.

За ублажување на проблемите во земјоделството да се превземаат и мерки за растоварување на репроматеријалите од големите давачки.

3.Заклучокот да се достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-15/1 Претседател
17.02.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443715 - спортски активности во износ од 50.000,00 денари се доделуваат на ЖРК "Гевгелија" Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Инвест банка АД Скопје Фелијала Гевгелија на ж-ска бр.250000000058117.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЖРК "Гевгелија" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на ЖРК "Гевгелија" Гевгелија од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 50.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-30/2 Градоначалник
13.01.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443715 - спортски активности во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на КК "Кожуф" Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Алфа банка

АД Скопје Фелијала Гевгелија на ж-ска бр.280060000004622.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

КК "Кожуф" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на КК "Кожуф" Гевгелија од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-157/2 Градоначалник
21.02.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443715 - спортски активности во износ од 6.000,00 денари се доделуваат на КК "Кожуф" Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Алфа банка АД Скопје Фелијала Гевгелија на ж-ска бр.280060000004622.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

КК "Кожуф" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на КК "Кожуф" Гевгелија од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 6.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-109/2 Градоначалник
6.02.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/02 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За измена на Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година**

1.Во Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.4/03 год.) точка 1 се менува и гласи:

"Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година, ставка 427 подставка 427116 - Промотивно-информативни активности во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на Радио Телевизија Гевгелија - Синдикална организација за реализирање на програмски активности.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-290/2 Градоначалник
25.12.2003год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 13 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.9/01 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За измена на Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година

1.Во Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.6/03 год.) точка 1 се менува и гласи:

"Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година, ставка 443 подставка 443718 - Други неспомнати трансфери во износ од 28.500,00 денари се преведуваат на Совет на општина Гевгелија - градоначалник, за исплата на уметничка слика на "Года" Гевгелија која ќе биде поклонета на општина Јамбол - Република Бугарија".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-384/2 Градоначалник
25.12.2003год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/02 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За измена на Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година

1.Во Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) точка 1 се менува и гласи:

"Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година, ставка 428 подставка 428112 - Тековна резерва во износ од 36.961,00 денари се доделуваат на Македонски телекомуникации за извршени телефонски услуги".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1100/2 Градоначалник
31.12.2003год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина

Гевгелија" бр.11/02 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година, ставка 443 подставка 443718 - други неспомнати трансфери во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на Македонскиот народен театар Скопје за претставата Народен пратеник.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат на Трезорската сметка 100000000063095 подсметка 180100879678711-725939.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи на Македонскиот народен театар да се преведат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година во износ од 30.000,00 денари за претставата Народен пратеник изведена по повод општинскиот празник.

Бр.08-1105/1 Градоначалник
31.12.2003год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 14 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/02 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година, ставка 443 подставка 443716 - Културно уметнички и спортски манифестации во износ од 77.750,00 денари се доделат на АБЦ Гевгелија за набавка на нотеси, папки, изработка на покани, фото-колор разгледници и каширани фотографии потребни за Светското првенство во ракомет.

2.Решението ќе го изврши Службата за административни работи на општина Гевгелија и средствата ќе се исплатат по ф-ра бр.142 на ж-ро с-ка 200000034580007.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

АБЦ Гевгелија поднесе фактура бр.142 до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година за изработка на покани, фото-колор разгледници, каширани фотографии и за нотеси и папки потребни на општината за Светското првенство.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на АБЦ Гевгелија од Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година во износ од 77.750,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1106/1 Градоначалник
31.12.2003год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и

член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 428 подставка 428112 - тековна резерва во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Шилка Зашева од Богданци- мајка на првото новороденче во општина Гевгелија во 2004 година.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, да се доделат средства на Шилка Зашева од Богданци, мајка на првото новороденче во општина Гевгелија во износ од 10.000,00 денари.

Бр.08-15/1 Градоначалник
6.01.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

**И С П Р А В К А**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на заклучокот по Информацијата за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и неконтролираното сечење на шумите во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.10/03 год.) направена е грешка, поради што се дава,

**И С П Р А В К А**
**на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и неконтролираното сечење на шумите во општина Гевгелија**

Во точка 2 од Заклучокот по зборот "отстранат" се става точка, а зборовите "за да теренот биде попрегледен" се брише.

Бр.07-178/2 Општинска администрација
29.12.2003год. Одделение за правни и општи
Гевгелија работи Гевгелија

**С О Д Р Ж И Н А**

1.ОДЛУКА за условите, начинот и постапката за издавање лиценца за вршење на градски и приградски превоз на патници во општина Гевгелија ........... 1

2.ОДЛУКА за преземање на основачки права и утврдување како општински установи од областа на културата ..................................................... 2

3.ОДЛУКА за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа ......................................... 3

4.ОДЛУКА за именување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа ................................................. 3

5.ОДЛУКА за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа ................................................. 4

6.ОДЛУКА за именување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија

како претставници на локалната самоуправа .................................................. 4

7.ОДЛУКА за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како преставници на локалната самоуправа .................................................. 4

8.ОДЛУКА за именување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како претставници на локалната самоуправа ........................................................................ 5

9.ОДЛУКА за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа ......................... 5

10.ОДЛУКА за именување членови во Учиишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа ......................... 5

11.РЕШЕНИЕ за давање согласност на Програмата за хортикултурно уредување на Гевгелија ............................ 6

12.ЗАКЛУЧОК по Информацијата за откупот на зимската зелка ........... 6

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од срдствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на ЖРК "Гевгелија" Гевгелија ............................... 7

2.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на КК "Кожуф" Гевгелија ....... 7

3.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на КК "Кожуф" Гевгелија ..... 8

4.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Радио Телевизија Гевгелија - Синдикална организација ........ 8

5.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Совет на општина Гевгелија ..................................... 9

6.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Македонски телекомуникации ....................................... 9

7.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Македонскиот народен театар Скопје ....................... 10

8.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на АБЦ Гевгелија .................................................... 10

9.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Шилка Зашева од Богданци ................................ 11

10.ИСПРАВКА на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и неконтролираното сечење на шумите во општина Гевгелија ................................... 11

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 43 и 53 став 3 од Законот за буџетите("Службен весник на Р.М."бр.79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001, 93/2001 и 46/2002) член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 година) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 година) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2004 година, донесе,

## ЗАВРШНА СМЕТКА
## на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година

### I.ОПШТ ДЕЛ

### Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2003 година изнесуваат:

| | Планирано | Остварено |
|---|---|---|
| -изворни приходи | 8.575.000,00 ден. | 8.575.000,00 ден. |
| -даночни приходи | 21.814.713,00 ден. | 10.938.649,00 ден. |
| -неданочни приходи | 589.254,00 ден. | 539.168,50 ден. |
| -трансфери | 32.231.733,50 ден | 12.039.435,50 ден. |
| -донации | 1.712.000,00 ден. | 1.727.741,00 ден. |
| -пренесено салдо - 2002 | 989.162,50 ден. | 989.163,00 ден. |
| **-Вкупно приходи** | **65.911.863,00 ден.** | **34.809.157,00 ден.** |
| **-Вкупно расходи** | **65.911.863,00 ден.** | **33.688.478,00 ден.** |
| **-Салдо на 31.12.2003** | | **1.120.679,00 ден.** |

### Член 2

Разликата помеѓу оствараените приходи и извршените расходи во износ од 1.120.679,00 денари се пренесува како приход на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година.

### Член 3

Планираните и остварените приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот за извршување на приходите и расходите и посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот и тоа како што следува:

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ

| Група | Под-група | Основни с/ки | Опис на позициите | Планир. 2003 | Извршено 2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно приходи** | **65.911.863,00** | **34.809.157,00** |
| | | | **Изворни приходи** | **8.575.000,00** | **8.575.000,00** |
| 71 | | | **Даночни приходи** | **30.346.922,50** | **19.470.858,50** |
| | 713 | | **Даноци на имот** | **7.233.357,50** | **7.233.357,50** |
| | | **7131** | **Данок на имот** | **862.435,50** | **862.435,50** |
| | | 713111 | Данок на имот | 862.435,50 | 862.435,50 |
| | | **7132** | **Данок на наследство и подарок** | **109.103,00** | **109.103,00** |
| | | 713211 | Данок на наследство и подарок | 109.103,00 | 109.103,00 |
| | | **7133** | **Данок на промет на недв.и права** | **6.246.626,00** | **6.246.626,00** |
| | | 713311 | Данок на промет на недв.и права | 6.246.626,00 | 6.246.626,00 |
| | | **7135** | **Камати** | **15.193,00** | **15.193,00** |
| | | 713512 | Камати за ненавр.плак.на данок на имот | 15.193,00 | 15.193,00 |
| | 717 | | **Даноци на специфични услуги** | **23.113.565,00** | **12.237.501,00** |
| | | **7171** | **Комунални даноци** | **23.113.565,00** | **12.237.501,00** |
| | | 717110 | Туристичка такса | 235.000,00 | 220.854,00 |
| | | 717111 | Комунални такси за привремен престој | 22.713,00 | 14.500,00 |
| | | 717112 | Комун. такси за ист.фирма.реклами и сл. | 966.479,00 | 966.479,00 |
| | | 717115 | Комун. такси за корис.на ул.при регис. | 432.373,00 | 432.373,00 |
| | | 717116 | Комун. такса за корист.и одрж.јавно осв. | 6.700.000,00 | 5.465.635,00 |
| | | 717117 | Надом.за додел.кор.(уредув.)на град.земј. | 11.000.000,00 | 5.063.137,00 |
| | | 717119 | Други приходи по основ на ком.дејност | 3.500.000,00 | 6.273,00 |
| | | 717121 | Посебни превозни такси | 200.000,00 | 61.250,00 |
| | | 717122 | Други комунални такси | 57.000,00 | 7.000,00 |
| 72 | | | **Неданочни приходи** | **632.044,50** | **581.959,00** |
| | 721 | | **Претприем.приход и приход од имот** | **72.000,00** | **30.689,00** |
| | | | **Други приходи од имот** | **72.000,00** | **30.689,00** |
| | | 7213 | Камати од депозити од комерцијал. банки | 72.000,00 | 30.689,00 |
| | 723 | | **Административни такси и надоместоци** | **45.000,00** | **45.250,00** |
| | | **7239** | **Закупнини** | **45.000,00** | **45.250,00** |
| | | 723911 | Закупнини од објекти | 45.000,00 | 45.250,00 |
| | 724 | | **Други владини услуги** | **232.790,50** | **228.415,00** |
| | | **7241** | **Други владини услуги** | **232.790,50** | **228.415,00** |
| | | 724112 | Над. за ... израб.на урб.план. | 42.790,50 | 42.790,50 |
| | | 724113 | Надом. за урбанизац. | 190.000,00 | 185.625,00 |
| | 725 | | **Други неданочни приходи** | **282.254,00** | **277.604,50** |
| | | **7251** | **Донации од приватни компании** | **38.000,00** | **38.000,00** |
| | | 725111 | Тековни донации | 38.000,00 | 38.000,00 |
| | | **7259** | **Други неданочни приходи** | **244.254,00** | **239.604,50** |
| | | 725929 | Оств.недан.приходи | 229.254,00 | 220.164,50 |
| | | 725930 | Приходи од корис.тезги | 15.000,00 | 19.440,00 |
| 74 | | | **Трансфери и донации** | **34.932.896,00** | **14.756.339,50** |
| | 741 | | **Трансфери од други нивоа на власт** | **33.220.896,00** | **13.028.598,50** |
| | | **7411** | **Тек.трансфери од др.нивоа на власт** | **33.220.896,00** | **13.028.598,50** |
| | | 741111 | Теков.трансф.од др.нивоа на власт | 2.949.712,50 | 2.405.337,50 |
| | | 741112 | Трансфери од буџет на републиката | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| | | 741113 | Трансфери од буџетот на фондовите | 27.500.000,00 | 7.925.110,00 |
| | | 741114 | Пренес.вишок на приход од прет.год. | 989.162,50 | 989.163,00 |
| | | 741115 | Постојана буџетска резерва | 282.021,00 | 208.988,00 |
| | 742 | | **Даноци од странство** | **1.712.000,00** | **1.727.741,00** |
| | | **7421** | **Општи и тековни донации** | **1.712.000,00** | **1.727.741,00** |
| | | 742114 | Приходи од европска унија | 1.712.000,00 | 1.727.741,00 |

БИЛАНС НА РАСХОДИ

| Кат. | Ставка | Пот-ставка | Опис на позициите | Планирано 2003 | Извршено 2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **65.911.863,00** | **33.688.478,00** |
| | | | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **30.817.793,50** | **23.556.981,50** |
| **40** | | | **Плати, наемнини и надоместоци** | **7.450.464,00** | **6.967.303,50** |
| | **401** | | **Нето основни плати и наемнини** | **5.459.464,00** | **5.006.958,00** |
| | | 4011 | Нето основни плати | 3.064.960,00 | 3.008.917,50 |
| | | 4012 | Надоместоци | 2.394.504,00 | 1.998.040,50 |
| | **402** | | **Придонеси од плати и персонален данок** | **1.991.000,00** | **1.960.345,50** |
| | | 4021 | Придонеси за ПИО | 1.045.000,00 | 1.040.676,00 |
| | | 4022 | Придонеси за Фондот за здравство | 464.000,00 | 457.111,50 |
| | | 4023 | Придонеси за Завод за вработување | 87.000,00 | 82.090,00 |
| | | 4024 | Придонес за водоснабдување | 13.000,00 | 10.660,00 |
| | | 4025 | Персонален данок од плата | 382.000,00 | 369.808,00 |
| **42** | | | **Стоки и услуги** | **17.385.329,50** | **11.016.272,50** |
| | **420** | | **Патни и дневни расходи** | **372.000,00** | **285.365,50** |
| | | 4201 | Патни и дневни расходи | 372.000,00 | 285.365,50 |
| | **421** | | **Комунални услуги** | **4.800.579,50** | **4.347.701,00** |
| | | 4211 | Основни комуналии | 4.800.579,50 | 4.347.701,00 |
| | **422** | | **Затоплување** | **210.000,00** | **206.750,00** |
| | | 4221 | Затоплување | 210.000,00 | 206.750,00 |
| | **423** | | **Комуникација и транспорт** | **1.295.000,00** | **1.204.417,50** |
| | | 4231 | Комуникација | 655.000,00 | 647.776,50 |
| | | 4232 | Транспорт | 640.000,00 | 556.641,00 |
| | **424** | | **Материјали** | **3.705.567,00** | **2.037.947,50** |
| | | 4241 | Административни материјали | 543.600,00 | 507.676,50 |
| | | 4243 | Храна | 150.000,00 | 61.151,50 |
| | | 4244 | Материјали за посебна намена | 2.500.000,00 | 1.218.896,00 |
| | | 4247 | Други матеијали | 511.967,00 | 250.223,50 |
| | **425** | | **Тековно одржување** | **2.647.000,00** | **821.284,50** |
| | | 4251 | Поправка и одржување на возила | 185.000,00 | 94.560,00 |
| | | 4252 | Услуги за одржување на објекти | 962.000,00 | 611.066,50 |
| | | 4253 | Услуги за поправка и одржув.на инфр.објек, | 1.500.000,00 | 115.658,00 |
| | **426** | | **Договорни услуги** | **2.545.300,00** | **776.213,00** |
| | | 4265 | Образовни услуги | 15.000,00 | 2.000,00 |
| | | 4266 | Финансиски услуги и осигурување | 72.000,00 | 60.973,00 |
| | | 4267 | Стручни услуги | 2.423.300,00 | 678.540,00 |
| | | 4268 | Членарина | 35.000,00 | 34.700,00 |
| | **427** | | **Други оперативни расходи** | **1.297.862,00** | **1.004.565,50** |
| | | 4271 | Други оперативни расходи | 1.297.862,00 | 1.004.565,50 |
| | **428** | | **Резерви** | **512.021,00** | **332.028,00** |
| | | 4281 | Резерви | 512.021,00 | 332.028,00 |
| **44** | | | **Тековни трансфери и субвенции** | **5.982.000,00** | **5.573.405,50** |
| | **442** | | **Трансфери до непрофитни организации** | **1.152.000,00** | **1.146.650,00** |
| | | 4421 | Трансфери до непрофитни организации | 1.152.000,00 | 1.146.650,00 |
| | **443** | | **Трансфери до домаќинства и физ.лица** | **4.830.000,00** | **4.426.755,50** |
| | | 4437 | Други трансфери | 4.830.000,00 | 4.426.755,50 |
| | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **35.094.069,50** | **10.131.496,50** |
| **46** | | | **Купување на капитални средства** | **35.094.069,50** | **10.131.496,50** |
| | **461** | | **Купување на земјиште и нематеријал.средс.** | **1.730.000,00** | **30.480,00** |
| | | 4611 | Купување на земјиште | 1.730.000,00 | 30.480,00 |
| | **463** | | **Купување на мебел и канцелариска опрема** | **235.969,50** | **230.182,00** |
| | | 4631 | Купување на мебел | 18.969,50 | 14.600,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 4632 | Купување на опрема | 217.000,00 | 215.582,00 |
| | **465** | | **Физибилити студии, подгот.на проекти и диз.** | **1.697.100,00** | **226.361,00** |
| | | 4652 | Изработка на проекти | 1.697.100,00 | 226.361,00 |
| | **467** | | **Изградба, реновирање и унапредување** | **23.971.000,00** | **9.449.378,50** |
| | | 4671 | Изградба на објекти | 21.971.000,0 | 9.149.378,50 |
| | | 4672 | Унапредување | 2.000.000,00 | 300.000,00 |
| | **468** | | **Основно и специјално одржување** | **7.460.000,00** | **195.095,00** |
| | | 4681 | Реконструкција и реновирање | 7.460.000,00 | 195.095,00 |

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**
**Програма 1**
**1.Администрација**

| Кат. | Став | Пот-ставка | Основна и поблиска намена | Планирано 2003 | Извршено 2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Тековни расходи** | **11.759314,00** | **10.909.598,00** |
| 40 | | | **ПЛАТИ И НАЕМНИНИ** | **5.125.464,00** | **4.984.330,50** |
| | 401 | | **НЕТО ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАЕМНИНИ** | **3.794.464,00** | **3.654.292,00** |
| | 4011 | | НЕТО ОСНОВНИ ПЛАТИ | 2.114.960,00 | 2.086.549,50 |
| | | 401111 | Основни плати - функционери | 235.000,00 | 220.272,00 |
| | | 401112 | Основни плати - работници | 1.879.960,00 | 1.866.277,50 |
| | 4012 | | **Надоместоци** | **1.679.504,00** | **1.567.742,50** |
| | | 401215 | Други функционални надоместоци | 1.150.000,00 | 1.071.979,00 |
| | | 401216 | Надомест за превоз до и од работното место | 20.000,00 | 19.575,00 |
| | | 401217 | Надомест за храна | 400.000,00 | 366.684,50 |
| | | 401218 | Надомест за годишен одмор | 109.504,00 | 109.504,00 |
| | 402 | | **ПРИДОН. ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛ.ДАНОК** | **1.331.000,00** | **1.330.038,50** |
| | 4021 | | **Придонеси за ПИО** | **705.000,00** | **704.935,00** |
| | | 402111 | Основни придонеси за ПИО | 705.000,00 | 704.935,00 |
| | 4022 | | **Придонеси за фондот за здравство** | **309.000,00** | **308.721,00** |
| | | 402211 | Основни пидонеси за здравство | 292.000,00 | 291.821,00 |
| | | 402212 | Професионал.заболување | 17.000,00 | 16.900,00 |
| | 4023 | | **Придонеси за Заводот за вработување** | **57.000,00** | **56.822,00** |
| | | 402311 | Основни придонеси за вработување | 57.000,00 | 56.822,00 |
| | 4024 | | **Придонес за водоснабдување** | **8.000,00** | **7.599,50** |
| | | 402411 | Основен пидонес за водоснабдување | 8.000,00 | 7.599,50 |
| | 4025 | | **Персонален данок од плата** | **252.000,00** | **251.961,00** |
| | | 402511 | Персонален данок од плата | 252.000,00 | 251.961,00 |
| 42 | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **4.603.850,00** | **3.903.849,50** |
| | 420 | | **Патни и дневни расходи** | **302.000,00** | **249.631,50** |
| | 4201 | | **Патни и дневни расходи** | **302.000,00** | **249.631,50** |
| | | 420111 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 150.000,00 | 128.400,00 |
| | | 420112 | Патување во земјата - патни расходи | 30.000,00 | 15.412,00 |
| | | 420121 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 110.000,00 | 96.993,00 |
| | | 420122 | Патување во странство - патни расходи | 3.000,00 | 2.430,50 |
| | | 420123 | Патување во странство - сместување | 4.000,00 | 3.059,00 |
| | | 420124 | Патување во странство - споредни расходи | 5.000,00 | 3.337,00 |
| | 421 | | **Комунални услуги** | **190.000,00** | **149.787,00** |
| | 4211 | | **Основни комуналии** | **190.000,00** | **149.787,00** |
| | | 421111 | Електрична енергија | 170.000,00 | 135.010,00 |
| | | 421112 | Водовод и канализација | 20.000,00 | 14.777,00 |
| | 422 | | **Затоплување** | **210.000,00** | **206.750,00** |
| | 4221 | | **Затоплување** | **210.000,00** | **206.750,00** |
| | | 422114 | Течни горива | 210.000,00 | 206.750,00 |
| | 423 | | **Комуникација и транспорт** | **1.000.000,00** | **967.361,50** |
| | 4231 | | **Комуникација** | **490.000,00** | **489.988,50** |
| | | 423111 | Пошта | 40.000,00 | 40.000,00 |
| | | 423112 | Телефон и телефакс | 450.000,00 | 449.988,50 |
| | 4232 | | **Транспорт** | **510.000,00** | **477.373,00** |
| | | 423211 | Горива и масла | 370.000,00 | 352.968,00 |
| | | 423212 | Гуми | 50.000,00 | 34.552,00 |
| | | 423214 | Регистрација на моторни возила | 30.000,00 | 29.853,00 |
| | | 423217 | Други расходи за транспорт | 60.000,00 | 60.000,00 |
| | 424 | | **Материјали** | **781.967,00** | **638.393,50** |
| | 4241 | | **Административни материјали** | **365.000,00** | **337.048,50** |
| | | 424111 | Канцелариски материјали | 200.000,00 | 184.549,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 424112 | Списанија, весници и други изданија | 160.000,00 | 151.169,50 |
| | | 424114 | Други административни материјали | 5.000,00 | 1.330,00 |
| | **4243** | | **Храна** | **150.000,00** | **61.151,50** |
| | | 424311 | Прехранбени продукти | 150.000,00 | 61.151,50 |
| | **4247** | | **Други материјали** | **266.967,00** | **240.193,50** |
| | | 424711 | Средства за одржување на хигиена | 40.000,00 | 25.861,50 |
| | | 424712 | Ситен инвентар, алат и други матер. за поправка | 45.000,00 | 40.210,00 |
| | | 424713 | Други материјали | 181.967,00 | 174.122,00 |
| | **425** | | **Тековно одржување** | **320.000,00** | **223.016,00** |
| | **4251** | | **Поправка и одржување на возила** | **160.000,00** | **84.260,00** |
| | | 425111 | Поправка и сервисирање на леки коли | 160.000,00 | 84.260,00 |
| | **4252** | | **Услуги за одржување на објекти** | **160.000,00** | **138.756,00** |
| | | 425215 | Сервисирање на опрема | 130.000,00 | 127.549,00 |
| | | 425216 | Одржување на градежни објекти | 30.000,00 | 11.207,00 |
| | **426** | | **Договорни услуги** | **355.000,00** | **337.291,00** |
| | **4265** | | **Образовни услуги** | **10.000,00** | **1.000,00** |
| | | 426511 | Семинари и конференции | 10.000,00 | 1.000,00 |
| | **4266** | | **Финансиски услуги и осигурување** | **40.000,00** | **40.000,00** |
| | | 426611 | Провизија за платен промет | 40.000,00 | 40.000,00 |
| | **4267** | | **Стручни услуги** | **270.000,00** | **261.591,00** |
| | | 426716 | Други стручни услуги | 270.000,00 | 261.591,00 |
| | **4268** | | **Членарини** | **35.000,00** | **34.700,00** |
| | | 426812 | Членарини во домашни организации | 35.000,00 | 34.700,00 |
| | **427** | | **Други оперативни расходи** | **932.862,00** | **799.591,00** |
| | **4271** | | **Други оперативни расходи** | **932.862,00** | **791.591,00** |
| | | 427116 | Промотивно информативни активности | 120.000,00 | 30.000,00 |
| | | 427117 | Репрезентација | 400.000,00 | 364.575,00 |
| | | 427118 | Издатоци за прослави и манифестации | 167.862,00 | 162.574,00 |
| | | 427122 | Други оперативни расходи | 220.000,00 | 218.180,00 |
| | | 427193 | Подршка на проекти | 25.000,00 | 24.262,00 |
| | **428** | | **Резерви** | **512.021,00** | **332.028,00** |
| | **4281** | | **Резерви** | **512.021,00** | **332.028,00** |
| | | 428111 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 282.021,00 | 123.372,00 |
| | | 428112 | Тековна резерва (разновидни расходи) | 230.000,00 | 208.656,00 |
| **44** | | | **ТЕКОВНИ ТРАНФЕРИ И СУБВЕНЦИИ** | **2.030.000,00** | **2.021.418,00** |
| | **443** | | **Трансфери до домакинства и физички лица** | **2.030.000,00** | **2.021.418,00** |
| | **4437** | | **Други трансфери** | **2.030.000,00** | **2.021.418,00** |
| | | 443716 | Културно уметнички и спорт.манифестации | 530.000,00 | 530.000,00 |
| | | 443717 | Трансфер до физ.лица и нестоп.организации | 400.000,00 | 392.051,00 |
| | | 443718 | Други неспомнати трансфери | 1.100.000,00 | 1.099.367,00 |
| | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **96.000,00** | **95.841,00** |
| **46** | | | **КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА** | **96.000,00** | **95.841,00** |
| | **467** | | **Изградба, реновирање и унапредување** | **96.000,00** | **95.841,00** |
| | **4671** | | **Изградба на објекти** | **96.000,00** | **95.841,00** |
| | | 467121 | Изградба на други објекти | 96.000,00 | 95.841,00 |
| | | | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **11.855.314,00** | **11.005.439,00** |

Програма 2

2.Уредување

| Кат. | Став | Пот-ставка | Основна и поблиска намена | Планирано 2003 | Извршено 2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **13.532.579,50** | **8.399.764,00** |
| 40 | | | **ПЛАТИ И НАМНИНИ** | **160.000,00** | |
| | 401 | | **НЕТО ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАЕМНИНИ** | **160.000,00** | |
| | 4012 | | **Надоместоци** | **160.000,00** | |
| | | 401215 | Други функционални надоместоци | 160.000,00 | |
| 42 | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **10.572.579,50** | **5.994.426,50** |
| | 421 | | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **4.610.579,50** | **4.197.914,00** |
| | 4211 | | **ОСНОВНИ КОМУНАЛИИ** | **4.610.579.50** | **4.197.914,00** |
| | | 421111 | Електрична нергија | 4.610.579,50 | 4.197.914,00 |
| | 424 | | **Материјали** | **2.650.000,00** | **1.223.896,00** |
| | 4244 | | **Материјали за посеб.намени** | **2.500.000,00** | **1.218.896,00** |
| | | 424417 | Други материјали за посеб.намени (електр.) | 2.500.000,00 | 1.218.896,00 |
| | 4247 | | **Други материјали** | **150.000,00** | **5.000,00** |
| | | 424713 | Други материјали | 150.000,00 | 5.000,00 |
| | 425 | | **Тековно одржување** | **1.542.000,00** | **548.612,50** |
| | 4252 | | **Услуги за одржување на објекти** | **792.000,00** | **472.310,50** |
| | | 425212 | Услуги за одржување на зелени површини | 222.000,00 | 137.614,00 |
| | | 425215 | Сервисирање на опрема | 150.000,00 | 150.000,00 |
| | | 425216 | Одржување на градежни објекти | 400.000,00 | 167.138,00 |
| | | 425218 | Други услуги за одржување | 20.000,00 | 17.558,50 |
| | 4253 | | **Услу. за попр.и одржув.на инфр.обј.(авт.пат.мос.)** | **750.000,00** | **76.302,00** |
| | | 425311 | Автопати и патишта | 400.000,00 | |
| | | 425313 | Друга инфраструкт. (тротоари верт.хориз.сигн.) | 350.000,00 | 76.302,00 |
| | 426 | | **Договорни услуги** | **1.720.000,00** | **4.735,00** |
| | 4266 | | **Финансиски услуги и осигурување** | **10.000,00** | **4.735,00** |
| | | 426611 | Провизија за платен промет | 10.000,0 | 4.735,00 |
| | 4267 | | **Стручни услуги** | **1.710.000,00** | |
| | | 426713 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 1.700.000,00 | |
| | | 426716 | Други стручни услуги | 10.000,00 | |
| | 427 | | **Други оперативни расходи** | **50.000,00** | **19.269,00** |
| | 4271 | | **Други оперативни расходи** | **50.000,00** | **19.269,00** |
| | | 427122 | Други оперативни расходи | 50.000,00 | 19.269,00 |
| 44 | | | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ И СУБВЕНЦИИ** | **2.800.000,00** | **2.405.337,50** |
| | 443 | | **Трансфери домакинства и физ.лица** | **2.800.000,00** | **2.405.337,50** |
| | 4437 | | **Други транфери** | **2.800.000,00** | **2.405.337,50** |
| | | 443717 | Други трансфери | 2.800.000,00 | 2.405.337,50 |
| | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **21.268.000,00** | **4.002.802,50** |
| 46 | | | **КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА** | **21.268.000,00** | **4.002.802,50** |
| | 461 | | **Купување на семјиште и нематеријални средства** | **1.730.000,00** | **30.480,00** |
| | 4611 | | **Купување на земјиште** | **1.730.000,00** | **30.480,00** |
| | | 461112 | Надомест за одземен имот | 1.730.000,00 | 30.480,00 |
| | 465 | | **Физибилити студии, подготов.на проекти и дизајн** | **1.663.000,00** | **192.268,00** |
| | 4652 | | **Изработка на проекти** | **1.663.000,00** | **192.268,00** |
| | | 465211 | Изработка на проекти | 1.663.000,00 | 192,268,00 |
| | 467 | | **Изградба, реновирање и унапредување** | **17.875.000,00** | **3.780.054,50** |
| | 4671 | | **Изградба на објекти** | **15.875.000,00** | **3.480.054,50** |
| | | 467117 | Изградба на патишта | 3.800.000,00 | 1.719.000,00 |
| | | 467121 | Изградба на др. објекти (фекал.,атмосф.центар) | 12.075.000,00 | 1.761.054,50 |
| | 4672 | | **Унапредување** | **2.000.000,00** | **300.000,00** |
| | | 467215 | Друго унапредување (реч.корита) | 2.000.000,00 | 300.000,00 |
| | | | **Вкупно расходи:** | **34.800.579,50** | **12.402.566,50** |

Програма 3

3.Фонд за локални патишта

| Кат. | Став | Пот-ставка | Основна и поблиска намена | Планирано 2003 | Извршено 2003 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **4.065.000,00** | **2.801.665,50** |
| 40 | | | **ПЛАТИ И НАЕМНИНИ** | **2.165.000,00** | **1.982.973,00** |
| | 401 | | **НЕТО ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАЕМНИНИ** | **1.505.000,00** | **1.352.666,00** |
| | 4011 | | **НЕТО ОСНОВНИ ПЛАТИ** | **950.000,00** | **922.368,00** |
| | | 401112 | Основни плати - работници | 950.000,00 | 922.368,00 |
| | 4012 | | **Надоместоци** | **555.000,00** | **430.298,00** |
| | | 401215 | Други функционални надоместоци | 275.000,00 | 157.686,00 |
| | | 401217 | Надомет за храна | 200.000,00 | 193.830,00 |
| | | 401218 | Надомест за годишен одмор | 55.000,00 | 54.752,00 |
| | | 401221 | Надомест за испратнина | 25.000,00 | 24.030,00 |
| | 402 | | **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРС.ДАНОК** | **660.000,00** | **630.307,00** |
| | 4021 | | **Придонеси за ПИО** | **340.000,00** | **335.741,00** |
| | | 402111 | Основни придонеси за ПИО | 340.000,00 | 335.741,00 |
| | 4022 | | **Придонеси за Фондот за здравство** | **155.000,00** | **148.390,50** |
| | | 402211 | Основни придонеси за здравство | 145.000,00 | 140.739,00 |
| | | 402212 | Основен придонес за професионално заболув. | 10.000,00 | 7.651,50 |
| | 4023 | | **Придонеси за Заводот за вработување** | **30.000,00** | **25.268,00** |
| | | 402311 | Основни придонеси за вработување | 30.000,00 | 25.268,00 |
| | 4024 | | **Придонес за водоснабдување** | **5.000,00** | **3.060,50** |
| | | 402411 | Основен придонес за водоснабдување | 5.000,00 | 3.060,50 |
| | 4025 | | **Персонален данок од плата** | **130.000,00** | **117.847,00** |
| | | 402511 | Персонален данок од плата | 130.000,00 | 117.847,00 |
| 42 | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.900.000,00** | **818.692,50** |
| | 420 | | **Патни и дневни расходи** | **70.000,00** | **35.734,00** |
| | 4201 | | **Службени патувања во земјата** | **70.000,00** | **35.734,00** |
| | | 420111 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 25.000,00 | 23.600,00 |
| | | 420112 | Патување во земјата - патни расходи | 5.000,00 | 300,00 |
| | | 420114 | Патување во земјата - споредни расходи | 5.000,00 | |
| | | 420121 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 25.000,00 | 11.834,00 |
| | | 420122 | Патување во странство - патни расходи | 5.000,00 | |
| | | 420124 | Патување во странство - споредни расходи | 5.000,00 | |
| | 423 | | **Комуникација и транспорт** | **295.000,00** | **237.056,00** |
| | 4231 | | **Комуникација** | **165.000,00** | **157.788,00** |
| | | 423111 | Пошта | 5.000,00 | 1.844,00 |
| | | 423112 | Телефон и телефакс | 160.000,00 | 155.944,00 |
| | 4232 | | **Транспорт** | **130.000,00** | **79.268,00** |
| | | 423211 | Горива и масла | 110.000,00 | 66.524,00 |
| | | 423212 | Гуми | 5.000,00 | |
| | | 423214 | Регистрација на моторни возила | 15.000,00 | 12.744,00 |
| | 424 | | **Материјали** | **140.000,00** | **42.058,00** |
| | 4241 | | **Административни материјалли** | **45.000,00** | **37.028,00** |
| | | 424111 | Канцелариски материјали | 30.000,00 | 27.828,00 |
| | | 424112 | Списанија, весници и други изданија | 10.000,00 | 9.200,00 |
| | | 424114 | Други административни материјали | 5.000,00 | |
| | 4247 | | **Други материјали** | **95.000,00** | **5.030,00** |
| | | 424711 | Средства за одржување на хигиена | 10.000,00 | |
| | | 424712 | Ситен инвентар,алат и др.материј.за поправка | 15.000,00 | 1.180,00 |
| | | 424713 | Други материјали | 70.000,00 | 3.850,00 |
| | 425 | | **Тековно одржување** | **785.000,00** | **49.656,00** |
| | 4251 | | **Поправка и одржување на возила** | **25.000,00** | **10.300,00** |
| | | 425111 | Поправка и сервисирање на леки коли | 25.000,00 | 10.300,00 |
| | 4252 | | **Услуги за одржување на објекти** | **10.000,00** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 425215 | Сервисирање на опрема | 10.000,00 | |
| | **4253** | | **Услуги за попр.и одрж.на инфр.обј.(авт.патиш.мост.)** | **750.000,00** | **39.356,00** |
| | | 425311 | Автопати и патишта | 750.000,00 | 39.356,00 |
| | **426** | | **Договорни услуги** | **310.000,00** | **283.483,00** |
| | **4265** | | **Образовни услуги** | **5.000,00** | **1.000,00** |
| | | 426511 | Семинари и конференции | 5.000,00 | 1.000,00 |
| | **4266** | | **Финансиски услуги и осигурување** | **20.000,00** | **15.330,00** |
| | | 426611 | Провизија за платен промет | 20.000,00 | 15.330,00 |
| | **4267** | | **Стручни услуги** | **285.000,00** | **267.153,00** |
| | | 426716 | Други стручни услуги | 285.000,00 | 267.153,00 |
| | **427** | | **Други оперативни расходи** | **300.000,00** | **170.705,50** |
| | **4271** | | **Други оперативни расходи** | **300.000,00** | **170.705,50** |
| | | 427117 | Репрезентација | 200.000,00 | 98.666,00 |
| | | 427119 | Пренесени обврски од претходни години | 50.000,00 | 46.875,00 |
| | | 427122 | Други оперативни расходи | 50.000,00 | 25.164,50 |
| | | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 13.478.969,50 | 5.783.178,00 |
| 46 | | | КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА | 13.478.969,50 | 5.783.178,00 |
| | **463** | | **Купување на мебел и канцелариска опрема** | **18.969,50** | **14.600,00** |
| | **4631** | | **Купување на мебел** | **18.969,50** | **14.600,00** |
| | | 463111 | Купување на канцелариски мебел | 18.969,50 | 14.600,00 |
| | **467** | | **Изградба, реновирање и унапредување** | **6.000.000,00** | **5.573.483,00** |
| | **4671** | | **Изградба на објекти** | **6.000,000,00** | **5.573.483,00** |
| | | 467117 | Изградба на патишта | 6.000.000,00 | 5,573.483,00 |
| | **468** | | **Основно и специјално одржување** | **7.460.000,00** | **195.095,00** |
| | **4681** | | **Реконструкција и реновирање** | **7.460.000,00** | **195.095,00** |
| | | 468113 | Реконструкција на патишта и патни објекти | 7.460.000,00 | 195.095,00 |
| | | | **Вкупно:** | **17.543.969,50** | **8.584.843,50** |

Програма 4
ЕУ Фаре-Проект за развој на локална самоуправа - отворена канцеларија за инфорнирање на граѓани

| Р.бр. | Сметка | Вид на расходи | Планирано 2003 | Извршено 2003 |
|---|---|---|---|---|
| | | **Тековни расходи** | **308.900,00** | **299.304,00** |
| | **42** | **Стоки и услуги** | **308.900,00** | **299.304,00** |
| | **424** | **Материјали** | **133.600,00** | **133.600,00** |
| | **4241** | **Административни материјали** | **133.600,00** | **133.600,00** |
| 1 | 424114 | Други административни материјали | 133.600,00 | 133.600,00 |
| | **426** | **Договорни услуги** | **160.300,00** | **150.704,00** |
| | **4266** | **Финансиски услуги и осигурување** | **2.000,00** | **908,00** |
| 2 | 426611 | Провизија за платен промет | 2.000,00 | 908,00 |
| | **4267** | **Стручни услуги** | **158.300,00** | **149.796,00** |
| 3 | 426712 | Независни консултанти | 158.300,00 | 149.796,00 |
| | **427** | **Други оперативни расходи** | **15.000,00** | **15.000,00** |
| | **4271** | **Други оперативни расходи** | **15.000,00** | **15.000,00** |
| 4 | 427116 | Промотивно-информативни активности | 15.000,00 | 15.000,00 |
| | | **Капитални расходи** | **251.100,00** | **249.675,00** |
| | **46** | **Купување на капитални средства** | **251.100,00** | **249.675,00** |
| | **463** | **Купување мебел и канцелариска опрема** | **217.000,00** | **215.582,00** |
| | **4632** | **Купување мебел и канцелариска опрема** | **217.000,00** | **215.582,00** |
| 5 | 463211 | Купување мебел и канцлариска опрема | 217.000,00 | 215.582,00 |
| | **465** | **Физибилити студија и подготовка на проекти** | **34.100,00** | **34.093,00** |
| | **4652** | **Изработка на проекти** | **34.100,00** | **34.093,00** |
| 6 | 465211 | Изработка на проекти | 34.100,00 | 34.093,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **560.000,00** | **548.979,00** |

Програма 5
ЕУ Фаре-Проект за развој на локална самоуправа - Финансово раководење во локална самоуправа - предизвик и реалност

| Р.бр. | Сметка | Вид на расходи | Планирано 2003 | Извршено 2003 |
|---|---|---|---|---|
| | | **Тековни расходи** | **1.152.000,00** | **1.146.650,00** |
| | **44** | **Тековни трансфери и субвенции** | **1.152.000,00** | **1.146.650,00** |
| | **442** | **Трансфери до непрофитни организации** | **1.152.000,00** | **1.146.650,00** |
| | **4421** | **Трансфери до непрофитни организации** | **1.152.000,00** | **1.146.650,00** |
| 1 | 442120 | Други непрофитни организации | 1.152.000,00 | 1.146.650,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **1.152.000,00** | **1.146.650,00** |

## Член 4

Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-31/1
15.03.2004 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

# АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански организации и невладини организации во износ од 5.000,00 денари се доделуваат на Здружението на родители на деца заболени од церебрална парализа Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка АД Скопје Фелијала Гевгелија на ж-ска бр.200000030650731.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Здружението на родители на деца заболени од церебрална парализа Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Здружението од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 5.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-550/2/03
16.03.2004год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански организации и невладини организации во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Друштво за издавачка дејност, производство трговија и услуги "Макавеј" Скопје за издавање на книгата "Вардарска рапсодија".

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка Скопје на ж-ска бр.300000000590766.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за издавачка дејност, производство, трговија и услуги "Макавеј" Скопје поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за издавање на книга.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Друштвото од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-198/2 Градоначалник
16.03.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Петко Смилков с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански организации и невладини организации во износ од 5.000,00 денари се доделуваат на Организацијата на воените старешини Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка Гевгелија на ж-ска бр.300100000003426.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Организацијата на воените старешини Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на воените старешини од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 5.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-269/2 Градоначалник
16.03.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Петко Смилков с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански организации и невладини организации во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Никола Ковачев од Ново Конско за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на штедна книшка бр.846289-2

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Никола Ковачев од Ново Конско поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Никола Ковачев од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-477/2/03 Градоначалник
16.03.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански организации и невладини организации во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на Анѓел Стоев атлетски гимнастичар од Гевгелија за учество на Балкански натрепар во атлетска гимнастика во Република Грција.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.0004400508.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Анѓел Стоев од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за учесво на Балкански натревар во атлетска гимнастика во Република Грција.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Анѓел Стоев од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 3.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-238/2
16.03.2004год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443715 - спортски активности во износ од 14.000,00 денари се доделуваат на Спортското друштво "Јовчо Кусиников" Гевгелија за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Гевгелија на ж-ска бр.200000091126060.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Спортското друштво "Јовчо Кусиников" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на спорстското друштво од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 14.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-249/2
16.03.2004год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Петко Смилков с.р.***

# С О Д Р Ж И Н А

1.ЗАВРШНА СМЕТКА на Буџетот на општина Гевгелија за 2003 година ............ 13

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средсвата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Здружението на родители на деца заболени од церебрална парализа Гевгелија ........................................................................................................................ 23

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средсвата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Друштвото за издавачка дејност, производство, трговија и услуги "Макавеј" Скопје ................................................................................................................ 23

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средсвата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Организацијата на воените старешини Гевгелија .................. 24

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средсвата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Никола Ковачев од Ново Конско ............................................. 25

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средсвата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Анѓел Стоев од Гевгелија .......................................................... 25

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средсвата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Спортското друштво "Јовчо Кусиников" од Гевгелија ......... 26

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## за издавање на Информативен билтен на општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува издавањето на Информативен билтен на Општина Гевгелија, содржината на билтенот, начинот на финансирање и дистрибуирање.

**Член 2**

Информативниот билтен ќе го издава и уредува општинската администрација на општина Гевгелија.

Информативниот билтен ќе излегува по потреба.

Информативниот билтен ќе се печати во печатница избрана согласно Законот за јавните набавки.

Информативниот билтен е некомерцијален и ќе се дистрибуира на физички и правни лица.

**Член 3**

Во Информативниот билтен ќе се објавуваат информации, од работењето на Советот и градоначалникот на општината, работењето на органите на општинската администрација, работењето на јавните служби и претпријатија основани од општината и други информации од значење на општината.

**Член 4**

Издавањето на Информативниот билтен ќе се финансира од средствата на Буџетот на општината.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-46/1 Претседател
29.03.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување активности за изработка на Локална агенда 21 на општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува отпочнување активности за изработка на Локална агенда 21 на општина Гевгелија (Во натамошниот текст:ЛА 21).

**Член 2**

Во изработката на ЛА 21 ќе учествуваат преставници на органите на општината, надлежните државните органи, правни и стручни лица, невладини организации и јавните гласила.

**Член 3**

Активностите за изработка на ЛА 21 ќе се превземаат постапно во зависност од обезбедувањето на средства.

**Член 4**

Активностите кои ќе се превземаат и нивното реализирање ќе го утврди Координативно тело што ќе го формира градоначалникот на општината.

**Член 5**

За превземените активности Решение за давање на согласност координативното тело ќе го информира градоначалникот и Советот на општината.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-47/1 Претседател
29.03.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96 и 6/02год.) и член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Програмата за работни активности за одржување на комуналната хигиена и водоснабдување на општина Гевгелија за 2004 година на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија**

Програмата за работни активности за одржување на комуналната хигиена и водоснабдување на општитна Гевгелија за 2004 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија усвоена од Управниот одбор со Одлука бр.02-75/3 од 9.02.2004 година.

2.ЈПКД "Комуналец" Гевгелија да направи напори за набавување на мерниот инструмент кој е неопходен за утврдување на количеството на произведена вода како и да направи план за замена на азбестните цевки за вода.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-44/1 Претседател
29.03.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96 и 6/02 год.) и член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2003 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2003 година усвоен од Управниот одбор со одлука бр.02-170/3 од 11.03.2004 година.

2.ЈПКД "Комуналец" Гевгелија да превземе поголеми активности за подобрување на наплатата на побарувањата како и активности и мерки да се подобри работењето на подружниците на јавното претпријатие.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-42/1 Претседател
29.03.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96 и 6/02год.) и член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија

("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Завршната сметка на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за 2003 година**

1.Се дава согласност на Завршната смека на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2003 година усвоена од Управниот одбор со одлука бр.02-141/2 од 27.02.2004 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-43/1 Претседател
29.03.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96 и 6/02год.) и член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Одлуката за утврдување цена за сервисирање и баждарење водомери на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување цена за сервисирање и баждарење водомери на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија усвоена од Управниот одбор бр.04-170/4 од 11.03.2004 година.

2.ЈПКД "Комуналец" Гевгелија да утврди цена за вршење услуги за баждарење и сервисирање на водомери на правни и физички лица надвор од општинaта.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-45/1 Претседател
29.03.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански организации и невладини организации во износ од 5.000,00 денари се доделуваат на Васил Трајков од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.82710-0009730401.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Васил Трајков од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Васил Трајков од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 5.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-180/2 Градоначалник
27.03.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 428 подставка 428111 - постојана резерва во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Снежана и Илија Стојановски од Гевгелија за опожарениот станбен простор.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.0009805161.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Снежана и Илија Стојановски од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за опожарениот станбен простор.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Снежана и Илија Стојановски од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-295/2 Градоначалник
25.03.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 428 подставка 428111 - постојана резерва во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Милена Зориќ од Гевгелија за опожарениот станбен простор.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.000979862-0.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Милена Зориќ од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за опожарениот станбен простор.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Милена Зориќ од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-290/2 Градоначалник
23.03.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 428 подставка 428111 - постојана резерва во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Радмила Зориќ од Гевгелија за опожарениот станбен простор.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.000979769-4.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Радмила Зориќ од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за опожарениот станбен простор.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Радмила Зориќ од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-291/2 Градоначалник
23.03.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.ОДЛУКА за издавање на Информативен билтен на општина Гевгелија ..................................................... 28

2.ОДЛУКА за отпочнување активности за изработка на Локална агенда 21 на општина Гевгелија ............................. 28

3.РЕШЕНИЕ за давање согласност на Програмата за работни активности за одржување на комуналната хигиена и водоснабдување на општина Гевгелија за 2004 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .................................................. 29

4.РЕШЕНИЕ за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2003 год. ..... 29

5.РЕШЕНИЕ за давање согласност на Завршната сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2003 година ... 30

6.РЕШЕНИЕ за давање согласност на Одлуката за утврдување цена за сервисирање и баждарење водомери на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .... 30

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Васил Трајков од Гевгелија ....... 30

2.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Снежана и Илија Стојановски од Гевгелија ... 31

3.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Милена Зориќ од Гевгелија .... 31

4.РЕШЕНИЕ за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Радмила Зориќ од Гевгелија .................................. 32

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за престанување на важноста на Одлуката за основање Фонд за уредување на градежно земјиште и локални патишта на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува престанување на важноста на Одлуката за основање Фонд за уредување на градежно земјиште и локални патишта на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/97, 5/98 и 9/00 год.) и укинување на Фондот (во натамошниот текст: Фондот).

**Член 2**

Фондот и жиро сметката на фондот се укинуваат поради воведувањето на програмско финансирање со Буџетот на општината односно општината изготвува единствен буџет кој ги содржи покрај другите и средствата за Програмата за локални патишта кои се наменски средства и претставуваат надоместок за дадени услуги на општината согласно Законот за буџетите.

**Член 3**

Надлежностите на Фондот се пренесуваат на општината со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**Член 4**

Се укинува жиро сметката на Фондот за локални патишта на општина Гевгелија.

Паричните средства што се на жиро сметката на Фондот со денот на затварањето да се пренесат на жиро сметката на Буџетот на општина Гевгелија.

Побарувањата и обврските на Фондот ги презема општината.

**Член 5**

Опремата, инвентарот, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на Фондот се пренесуваат на општината.

За работењето на Фондот до укинувањето на жиро сметката ќе се изработи Завршна сметка.

**Член 6**

Вработените од Фондот ги презема општината.

**Член 7**

Стручната служба на Фондот да ги презема сите дејствија за престанок со работа на Фондот.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-64/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 13 и 22 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.31/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапување на општна Гевгелија како членка во Фондацијата "Еврорегион - Беласица" со седиште во Струмица**

**Член 1**

Општина Гевгелија, пристапува како членка кон Фондацијата "Еврорегион - Беласица" со седиште во Струмица.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Гевгелија, или од него овластено лице да ја застапува и претставува општина Гевгелија во Фондацијата од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-67/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 год., донесе

**О Д Л У К А**
**за изградба на градска капела во Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува изградбата на Градска капела во Гевгелија, носителот на инвестицијата и средствата за изградба.

**Член 2**

Носител на инвестицијата за изградба на Градска капела е општина Гевгелија.

Вредноста на инвестицијата - објектот изнесува 5.200.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата за изградба на Градска капела ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија - Програма за уредување на градежно земјиште во износ од 3.000.000,00 денари.

Средствата до износот од член 2 на ова одлука ќе се обезбедат по пат на донација од правни и физички лица.

**Член 4**

Урбанистичката и градежната документација е обезбедена, - утврдена е локацијата, изработен е главен проект и спроведена е постапка, согласно Законот за јавните набавки за избор на изведувачот на градежните работи.

**Член 5**

Надзорот за изградбата на објектот ќе го врши овластено лице од градоначалникот на општината.

**Член 6**

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-66/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување на директорот на Фондот за локални патишта на општина Гевгелија**

1.Се разрешува од директор на Фондот за локални патишта на општина Гевгелија

ДИМИТАР ЏЕКОВ, досегашен директор на Фондот поради заминување на нова должност.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-65/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување Вршител на должноста директор на Фондот за локални патишта на општина Гевгелија**

1.За Вршител на должноста директор на Фондот за локални патишта на општина Гевгелија до бришење на Фондот од судскиот регистар, се именува

БЛАГОЈ КАРАЃОРЃЕВ, дипломиран градежен инженер од Гевгелија, вработен во Фондот

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-68/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2004 година по расправата по Информацијата за состојбата во јавната безбедност на подрачјето на СВР Гевгелија, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информацијата за состојбата во јавната безбедност на подрачјето на СВР Гевгелија.

2.Заклучокот да се достави до СВР Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-69/1 Претседател
31.05.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2004 година по расправата по Информацијата за состојбата во областа на безбедноста на сообраќајот за подрачјето кое го покрива СВР Гевгелија за 2003 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информацијата за состојбата во областа на безбедноста на сообраќајот за подрачјето кое го покрива СВР Гевгелија за 2003 година.

2.Заклучокот да се достави до СВР Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-58/1 Претседател
31.05.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2004 година по расправата по Информацијата за хоризонталната и вертикалната сигнализација на сообраќајниците во Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за хоризонталната и вертикалната сигнализација на сообраќајниците во Гевгелија.

2.Советот предлага:

-хоризонталната сигнализација да се врши со поквалитетни бои, бидејќи обележувањето кое досега се вршеше за брзо време се брише и останува незабележливо;

-да се вршат почести контроли на знаците кои се поставуваат пред училиштата и детските градинки и тоа како знаците за хоризонтална така и знаците за вертикална сигнализација;

-ивичнаците на влезот во градот и на раскрсницата на улиците "Слободан Митров Данко" и "Радован Ковачевиќ" да се намалат во висина;

-пред Медицинскиот центар - амбулантата да се забрани паркирање на возила и да се постави знак само за застанување на медицинските возила и такси возила само за слегување и качување на патници.

2.Заклучокот да се достави до СВР Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-59/1 Претседател
31.05.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 година по расправата по Информацијата за начинот и обемот на користењето на земјоделското земјиште во државна сопственост, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за начинот и обемот на користењето на земјоделското земјиште во државна сопственост.

2.Заклучокот да се достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ПЕ - Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-60/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 година по расправата по Информацијата во врска со аплицирањето и одобрувањето на Проектот за изградба на канализација во Богородица од Програмата КАРДС, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата во врска со аплицирањето и одобрувањето на Проектот за изградба на канализација во Богородица од Програмата КАРДС.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-61/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 1.06.2004 година по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија во периодот од 1.01.2004 до 15.05.2004 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија во периодот од 1.01.2004 до 15.05.2004 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-63/1 Претседател
1.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за престанување на важноста на Одлуката за основање Фонд за уредување на градежно земјиште и локални патишта на општина Гевгелија ........ 34

2.Одлука за пристапување на општина Гевгелија како членка во Фондацијата "Еврорегион - Беласица" со седиште во Струмица ........ 34

3.Одлука за изградба на градска капела во Гевгелија ........ 35

4.Одлука за разрешување на директорот на Фондот за локални патишта на општина Гевгелија ........ 35

5.Одлука за именување Вршител на должноста директор на Фондот за локални патишта на општина Гевгелија ........ 36

6.Заклучок по Информацијата за состојбата во јавната безбедност на подрачјето на СВР Гевгелија ........ 36

7.Заклучок по Информацијата за состојбата во областа на безбедноста на сообраќајот за подрачјето кое го покрива СВР Гевгелија за 2003 година ........ 36

8.Заклучок по Информацијата за хоризонталната и вертикалната сигнализација на сообраќајниците во Гевгелија ........ 37

9.Заклучок по Информацијата за начинот и обемот на користењето на земјоделското земјиште во државна сопственост ........ 37

10.Заклучок по Информацијата во врска со аплицирањето и одобрувањето на Проектот за изградба на канализација во Богородица од Програмата КАРДС ........ 37

11.Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во оплшитна Гевгелија во периодот од 1.01.2004 до 15.05.2004 година ........ 38

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02) Советот на општина Гевгелија на вонредната седницата одржана на 7.06.2004 по Информацијата за предизвиканите штети и превземените активности за нивно санирање во општина Гевгелија го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

I. Се усвојува Информацијата за предизвиканите штети и превземените активности за нивно санирање во општина Гевгелија.

1.Се задолжуваат надлежните јавни претпријатија да продолжат со интервентните мерки за санација на водостопанските објекти, патната мрежа и водоснабдувачки објекти. Посебен приоритет да се даде кон испумпувањето на водите кај бунарското подрачје до реката Вардар и негово оспособување за враќање во функција. Исто така да се превземат мерки за испумпување на водата во околината на стопанските објекти кои и натаму се поплавени.

2.По превземените интервентни мерки јавните претпријатија да пристапат кон изготвување на техничка документација за санација на водостопанските објекти, за прочистување на одводните и каналите за наводнување, како и на улиците во градот и населените места.

3.ЈПКД "Комуналец" да продолжи со санацијата на оштетените водоводни мрежи во одделни населени места и да организира водоснабдување со цистерни за жителите на Богородица, Негорци и Моин.

4.Заводот за здравствена заштита Велес - организациона единица Гевгелија да продолжи со контролата на квалитетот и здравствената исправност на водата за пиење, посебно во населените места каде што водоводната мрежа беше оштетена.

5.Превземените мерки од страна на општинскиот кризен штаб задолжително и одговорно да се спроведуваат.

6.Да се задолжи градоначалникот на општината да формира посебна комисија за проценка на штетите на локалната патна мрежа и улиците.

7.ЈПКД "Комуналец" да изврши проценка на штетите на објектите за водоснабдување.

8.ЈП "Гевгелиско-Валандовско поле" да изврши проценка на штетите на системите за наводнување.

9.Се задолжуваат стопанските субјекти и правни лица согласно законските прописи веднаш да формираат свои комисии за проценка на штети и записниците со утврдената штета да ги достават до општинската комисија за процена и утврдување на штетите од елементарни непогоди.

10.Комисијата за процена и утврдување на штетите од елементарни непогоди да ја интензивира својата работа и во најкраток можен рок да му достави на советот елаборат за процена на штетите.

II.Заклучокот да се достави до ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, Заводот за здравствена заштита Велес - Организациона единица Гевгелија, ЈП "Гевгелиско Валандовско поле" Гевгелија и Комисијата за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди.

III. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.07-74/1 Претседател
7.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и

член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 1.500,00 денари се доделуваат на Вера Ашавалиева од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.00810665-5

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Вера Ашавалиева од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Вера Ашавалиева од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 1.500,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-332/2 Градоначалник
7.04.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 2.000,00 денари се доделуваат на Александар Димов од Гевгелија за издржување на малолетно дете.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.000984325-6

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Александар Димов од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за издржување на малолетно дете.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Александар Димов од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 2.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-331/2 Градоначалник
7.04.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 1.500,00 денари се доделуваат на Борка Јанчева од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фелијала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.82710-782090

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

О б р а з л о ж е н и е

Борка Јанчева од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Борка Јанчева од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 1.500,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-334/2 Градоначалник
7.04.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 1.500,00 денари се доделуваат на Ефка Кузева од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Фели-јала Гевгелија на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.0096962-46.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ефка Кузева од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Ефка Кузева од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 1.500,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-333/2 Градоначалник
7.04.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 1.000,00 денари се доделуваат на Илија М.Илиев од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет и средствата ќе се исплатат од благајната на општинската администрација.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Илија М.Илиев од Кованци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Илија М.Илиев од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 1.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-323/2 Градоначалник
7.04.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Заклучок по Информацијата за предизвиканите штети и превземените активности за нивно санирање во општина Гевгелија .................................. 39

**АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Вера Ашавалиева од Гевгелија ...................... 40

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Александар Димов од Гевгелија ................................. 40

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Борка Јанчева од Гевгелија .............................. 41

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Ефка Кузева од Гевгелија ................................................ 41
1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година на Илија М.Илиев од Гевгелија .............................. 42

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 25 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.06.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
**за ослободување од плаќање данок на имот**

**Член 1**

Се ослободуваат од плаќање данок на имот што е приход на Буџетот на општина Гевгелија граѓаните на општина Гевгелија кои претрпеле штета од поплавите предизвикани на 4.06.2004 година.

**Член 2**

Евиденцијата за граѓаните кои претрпеле штета од поплавите ќе се достави до Управата за јавни приходи Гевгелија.

**Член 3**

Управата за јавни приходи врз основа на доставената евиденција на граѓаните да извршат ослободување од данок на имот за 2004 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

Бр.07-90/1 Претседател
15.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.06.2004 година по расправата по Информацијата за увидот во состојбата на градителското наследство на општина Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за увидот во состојбата на градителското наследство на општина Гевгелија.

2.Заклучокот да се достави до Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и Министерството за транспорт и врски - ПЕ Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето.

Бр.07-84/1 Претседател
15.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.06.2004 година по расправата по Информацијата за здравствената состојба и здравствената заштита на населението во општина Гевгелија за 2003 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за здравствената состојба и здравствената заштита на населението во општина Гевгелија за 2003 година.

2.Заклучокот да се достави до ЈЗО Завод за здравствена заштита заштита Велес - Организациона единица Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето.

Бр.07-85/1 Претседател
15.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.06.2004 година по расправата по Информацијата за состојбата со ловниот фонд во општина Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со ловниот фонд во општина Гевгелија.

2.Советот оценува дека е загрижувачка бројната состојба на дивечот во ловиштата и смета дека е потребно Ловечкото друштво "Орел" Гевгелија во согласност со надлежните државни органи да ја согледа можноста за забрана на лов на дивеч во ловиштата најмалку за една година.

2.Заклучокот да се достави до Ловечкото друштво "Орел" Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето.

Бр.07-86/1 Претседател
15.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.06.2004 година по расправата по Извештајот за работењето на комуналната инспекција, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работењето на комуналната инспекција, освен делот од извештајот за работењето на комуналниот инспектор Ѓорѓе Попов.

2.Во врска со работењето на комуналниот инспектор од точка еден на овој заклучок Советот препорачува градоначалникот на општината да ги преземе мерките предвидени со Законот и поведе постапка за казнување на истиот.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето.

Бр.07-87/1 Претседател
15.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за ослободување од плаќање данок на имот ........................... 44

2.Заклучок по Информацијата за увидот во состојбата на градителското наследство на општина Гевгелија ......... 44

3.Заклучок по Информацијата за здравствената состојба и здравствената заштита на населението во општина Гевгелија за 2003 година .......................... 44

4.Заклучок по Информацијата за состојбата со ловниот фонд во општина Гевгелија .................................................. 45

5.Заклучок по Извештајот за работењето на комуналната инспекција, освен делот од извештајот за работењето на комуналниот инспектор Ѓорѓе Попов .................................................................... 45

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/03 год.) и член 25 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.06.2004 година, донесе

# О Д Л У К А
## За организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија

### I. Општи одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација и други прашања од значење за функционирање на општинската администрација.

**Член 2**

Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на општината.

Општинската администрација е должна со своето работење да обезбеди ефикасно функционирање на органите на општината.

**Член 3**

Општинската администрација работите од својот делокруг на работа ги извршува согласно Законот за локалната самоуправа, другите закони, Статутот на општината и актите и насоките на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Работата на општинската администрација е јавна.

Градоначалникот на општината ја информира јавноста за работата на општинската администрација.

### II. Организација и надлежност на општинската администрација

#### 1.Организација на општинската администрација

**Член 5**

За извршување на работите од надлежност на општината, општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

**Член 6**

Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

**Член 7**

Одделение се образува заради извршување на една од следните работи: нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни, како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

**Член 8**

Општинската администрација се организира во следните сектори:

1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

2.Сектор за административни, информациони и финансиски работи.

3.Сектор за јавни дејности и траен развој.

**Член 9**

Во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина се образуваат следните одделенија:

-Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина.

-Одделение за комунални работи и локални патишта.

**Член 10**

Во Секторот за административни, информациони и финансиски работи се образуваат следните одделенија:

-Одделение за правни и општи работи.

-Одделение за буџет и приходи.

-Одделение за административно-технички и информациони работи.

**Член 11**

Во Секторот за јавни дејности и траен развој се образуваат следните одделенија:

-Одделение за јавни дејности.

-Одделение за развој и прекугранична соработка.

**2. Надлежност на секторите и одделенијата**

**Член 12**

Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина ги врши следните работи:

-урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредувањето на градежното земјиште

-заштита на животната средина и природата

-заштита на старата архитектура

-јавното осветлување

-изградбата на улици и патишта

-автотакси, градски и приградски превоз

-одржување на зелени површини

-други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

**Член 13**

Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина ги врши работите што се однесуваат на:

-Просторното и урбанистичкото планирање - изработка, следење, спроведување на постапката за донесување на урбанистички планови.

-Изготвување на Програма за изработка на урбанистички планови

-Изготвување и реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште.

-Извршување на работите околу издавање одобрение за градба од надлежност на општината.

-Следење на состојбите и извршување на работите од областа на заштитата на животната средина.

-Вршење на надзорот во областите за кој е надлежен.

-Врши и други работи утврдени со закон и други прописи, статутот и актите на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 14**

Одделението за комунални работи и локални патишта ги врши работите што се однесуваат на:

-одржување на јавната чистота

-одржување на јавното осветлување

-изградба, одржување и заштита на локалните патишта, улици, паркинг простори и други инфраструктурни објекти

-градскиот, приградскиот и авто такси превозот и сообраќајната сигнализација

-одржување и користење на зелените површини

-определување на имиња на улици и други инфраструктурни објекти

-вршеење надзор од неговата надлежност

-врши и други работи утврдени со закон и други прописи, статутот и актите на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 15**

Сектор за административни , информациони и финансиски работи ги врши следните работи:

-подготвува акти за советот и градоначалникот

-ги подготвува седниците на советот и седниците на неговите комисии

-врши стручни работи за советот и градоначалникот

-ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија

-изработува буџет и ја следи неговата реализација

-ги врши материјално-финансиските работи

-работи на управување со човечките ресурси

-врши информатичко-технички работи

-врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

**Член 16**

Одделението за правни и општи работи ги врши работите што се однесуваат на:

-подготвување на актите на советот и градоначалникот

-подготвување на седниците на Советот и седниците на неговите постојани и повремени комисии

-подготвување на постапката за решавање во управни работи

-приготвување и поднесување на материјали и списи за судски постапки во кои општината е тужител или тужен

-подготвување на седници на привремените комисии што ги формира градоначалникот на општината

-подготвување на актите за систематизација и организација на општинската администрација

-подготвување и издавање на службен гласник на општина Гевгелија

-врши и други работи утврдени со закон и другите прописи, статутот, и актите на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 17**

Одделението за буџет и приходи ги врши работите што се однесуваат на:

-системот на финансирање на општината

-сметководственото и материјалното работење

-изготвување и извршување на буџетот и завршната сметка на буџетот на општината

-наплатата на таксите и други давачки согласно законот

-осигурувањето на имотот на општината

-надзорот од неговата надлежност

-врши и други работи утврдени со закон и другите прописи, статутот, и актите на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 18**

Одделението за административно-технички и информациони работи ги врши работите што се однесуваат на:

-ракување и чување на документите на општината до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на РМ

-канцелариското и архивското работење

-работните односи

-административно-техничките работи за органите на општината

-административно-техничките работи за потребите на месните заедници

-заштита и одржување на зградата на органите на општината и другиот имот

-врши и други работи утврдени со закон и другите прописи, статутот, и актите на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 19**

Секторот за јавни дејности и траен развој ги врши работите од областа на: основното и средното образование, културата, спортот и рекрацијата, здравствената, социјалната и детската заштита, елементарни непогоди, противпожарната заштита, комуникацијата со медиумите и јавноста, соработката со невладиниот сектор, локалниот економски развој, развојот на локалната мрежа на институци и други работи кои ќе бидат утврдени со закон, подзаконски акти и актите на општината.

**Член 20**

Одделението за јавни дејности ги врши работите што се однесуваат на:

-културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита согласно Законот за локалната управа и посебните закони

-преземање мерки за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од воени дејствија, природни катастрофи и друго

-противпожарна заштита

-вршење надзорот од негова надлежност

-комуникација со медиумите и јавноста

-врши и други работи утврдени со закон и другите прописи, статутот и акти

**Член 21**

Одделението за развој и прекугранична соработка ги врши работите што се однесуваат на:

-локалниот економски развој

-изготвување и реализирање на проекти со странски донации

-следење на развојот на локалната мрежа на институции

-соработка со невладини организации

-врши и други работи утврдени со закон и другите прописи, статутот, и актите на Советот и Градоначалникот на општината.

**III. Раководење со општинската администрација и со нејзините сектори и одделенија**

**Член 22**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

**Член 23**

Со секторот раководи раководител на секторот.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.

**Член 24**

Со работата на одделнијата на општинската администрација раководи раководител (раководител на одделение).

Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, го заменува советник од одделението од редот на стручните државни службеници кој тој ќе го определи.

**Член 25**

За систематизација на работните места во секторите и одделенијата на општинската администрација Градоначал никот на општината донесува Правилник

Распоредувањето на вработените во секторите и одделенијата на општинската администрација го врши Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Вработените во секторите и одделенијата на општинската администрација што вршат стручни нормативно-правни, извршни, управни, финансиски и надзорни работи и решаваат во управна постапка имаат статус на државни службеници.

За вработувањето во општинската администрација, правата и должностите од работен однос, одговорноста, престанокот на работниот однос за вработените од став 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

Вработувањето во општинската администрација за вршење на административно технички и помошни работи ќе се врши според одредбите на работното законодавство.

**IV. Преодни и завршни одредби**

**Член 27**

Вработените кои засновале работен однос до влегувањето во сила на оваа Одлука, согласно со Одлуката за основање, организација и делокруг на работа на управните и административните органи на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 7/97 год.), ќе се распоредат на работни места што ќе бидат соодветни на работните места што ќе се утврдат со актот за систематизација на работните места во општинската администрација, а согласно Одлуката за утврдување соодветноста на постојните звања во одделенијата на општинската администрација и звањата утврдени со Законот за државни службеници.

**Член 28**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање, организација и делокруг на работа на управните и административните органи на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.7/97год.) и Одлуката за организација, делокругот, начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 9/03 год.)

**Член 29**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се објави по добивањето на мислење од Агенцијата за државни службеници.

Бр.07-89/1 Претседател
15.06.2004 год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Роза и Ристо Стојановски од Гевгелија за здравствени потреби на синот.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и

средствата ќе се преведат н ж-ро с-ка во Стопанска банка 200000000005812-0002565997 "Хуманитарна помош за лекување на Горан Стојановски".

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Роза и Ристо Стојановски од Гевгелија поднесоа барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби на нивниот син.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Роза и Ристо Стојановски од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-485/2 Градоначалник
19.05.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 1.500,00 денари се доделуваат на Ристо Стојанов од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат н ж-ро с-ка во Стопанска банка 20000000000-000885350-4.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ристо Стојанов од Гевгелија поднесоа барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Ристо Стојанов од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 1.500,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-407/2 Градоначалник
4.05.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 1.500,00 денари

се доделуваат на Симеон Томов од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат н ж-ро с-ка во Стопанска банка 200000000005812-001612497-1.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Симеон Томов од Гевгелија поднесоа барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Симеон Томов од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 1.500,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-358/2 Градоначалник
19.05.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 4.000,00 денари се доделуваат на Илија Велков од Кованци за организирање на панаѓурска вечер.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во готово од благајната на општинската администрација.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Илија Велков од Кованци поднесоа барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за организирање на панаѓурска вечер во Кованци.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Илија Велков од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 4.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-409/2 Градоначалник
6.05.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица, нестопански и невладини организации во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Ѓорѓе Петков од Негорци за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат н ж-ро с-ка во Комерцијална банка бр.300001000007180.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ѓорѓе Петков од Негорци поднесоа барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Ѓорѓе Петков од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-599/2 Градоначалник
23.06.2004год. на општина Гевгелија,
